Повластена паркинг карта се издава врз основа на претходно поднесено писмено барање до јавното претпријатие. Барање за издавање на ППК може да поднесе секое физичко или правно лице, кое има намера да склучи кориснички договор со јавното претпријатие. Поднесените барања за издавање на ППК се доставуваат до стручните служби на јавното претпријатие, по што истите се разгледуваат во однос на исполнетост на условите за издавање на ППК. Стручните служби на претпријатието за секое поднесено барање одлучуваат во рок од десет дена од денот на неговото поднесување. Поднесеното барање може да биде прифатено или одбиено, во зависност од тоа дали се исполнети посебните услови за издавање на ППК и процентот на исполнетост на слободните паркинг места со кои управува јавното претпријатие.

Период на важност на издадената повластена паркинг карта е со определено времетраење најмногу до една година, а конкретното времетраење е определено во податоците за корисничкиот договор и повластената паркинг карта.

Општиот услов за склучување на кориснички договор врз основа на кој се издава повластена паркинг карта е капацитетот на слободни паркинг места со кои располага јавното претпријатие. Јавното претпријатие не гарантира слободно паркинг место на користникот на услуга врз основа на склучен кориснички договор на кој се издава повластена паркинг карта.

## ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ЖИТЕЛ

Повластената паркинг карта за жител се издава на физички лица кои се со регистрирано живеалиште или престојувалиште во Општина Битола во соодветната паркинг зона за која се издава повластената паркинг карта.

Повластената паркинг карта за жител не се издава на физички лица кои се сопственици на стандбен објект, но немаат регистрирано живеалиште или престојувалиште во Општина Битола во соодветната паркинг зона за која се издава повластената паркинг карта во согласност со Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

Потребни документи:

- Фотокопија од лична карта;
- Фотокопија од сообраќајна дозвола;
- Фотокопија од полномошно за управување на возилото заверено на нотар;
- Фотокопија од договор за закуп на стан (доколку станот е под закуп);

## ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ВРАБОТЕНО ЛИЦЕ

Потребни документи:

- Фотокопија од лична карта;
- Фотокопија од сообраќајна дозвола;
- Фотокопија од полномошно за управување на возилото заверено на нотар;
- Доказ дека лицето е вработено во правното лице;

## ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ

Потребни документи:

- Фотокопија од сообраќајна дозвола;
- Фотокопија од тековна состојба

## ПОВЛАСТЕНА КАРТА ЗА ИНВАЛИДИЗИРАНО ЛИЦЕ

Повластената паркинг карта за инвалидизирано лице може да се издаде на лица сопственици на патнички моторни возила кои боледуваат од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија,хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепи лица со оштетување на видот над 90%, глуви лица со оштетување на слухот над 90%,лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт надлежна комисија во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, за кое се приложува соодветен документ, доколку корисникот даде согласност за обработка на неговите податоци.

Потребни документи за издавање на повластената паркинг карта за инвалидизирани лица ПКИЛ

| Потребни документи |
|---|
| Фотокопија од лична карта |
| Фотокопија од сообраќајна дозвола |
| Фотокопија членска инвалидска книшка |
| Решение за степен на телесно оштетување од ПИОМ (на увид) |
| Лекарски наод од Специјалист (на увид) |
| Медицинска потврда од доктор (во оригинал) |

ЈППЈЛП-БИТОЛА

ВД ДИРЕКТОР

ЗОРАН МИХАЈЛОВСКИ